Барање слободен пристап до информации од јавен карактер
[redacted]
to:
biroescp
23.05.2020 07:13
Hide Details
From: [redacted]
To: biroescp@mjustice.gov.mk,

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PËRFAQËSIM TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
PARA GJYKATËS EVROPIANE PËR TË DREJTAT E NJERIUT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено: Pranuar: 26-05-2020

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 0306 | 103/1 | | |


Почитувани

Ви се обраќам со барање за добивање на следната информација од јавен карактер:
- Кои меѓународни договори, конвенции ги има ратификувано Република Северна Македонија од областа на наследувањето поточно во однос на одобрување на средства за исплата на надоместоци кои произлегуваат од работен однос на покојното лице и
- Да наведете евентуално случаи на судска пракса од Европскиот суд за човековите права дали на наследниците можат да им се одобрат и исплатат досудени износи на име боледувања подолги од шест месеци и/ или отпремнини поради стекнати услови за старосна или инвалидска пензија кога тие им се утврдени со акт или судска пресуда на домашниот суд на државата членка на ЕУ каква е судската пракса во врска со одобрувањето и исплатата на досудените средства по наведениот основ од Европскиот суд за човекови права се разбира доколку има креирано судска пракса во врска со ова прашање.

Ви благодарам однапред на информацијата.

Со почит,

Подносител,

[redacted]

Министерството за правда- Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 0306-103/1 доставено од [redacted] донесе

Република Северна Македонија · Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PËRFAQËSIMIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT PARA GJYKATËS EVROPIANE PËR TË DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0306-103/2
26-05-2020 год.-viti
СКОПЈЕ / SHKUP

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 0306-103/1 од 26.05.2020 доставено од [redacted] делумно се уважува.

**Образложение**

[redacted] до Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП се обрати со барање за пристап до информации од јавен карактер . Барањето е доставено по електронска комуникација на 23.05.2020 година (сабота), а е заведно во Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП под бр. 0306-103/1 од 26.05.2020.

[redacted] со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер побара да и биде доставен одговор прво, на прашањето кои меѓународни договори, конвенции ги има ратификувано Република Северна Македонија од областа на наследувањето поточно во однос на одобрување на средства за исплата на надоместоци кои произлегуваат од работен однос на покојно лице и второ и дополнително побара да се наведат случаи на судска пракса од Европскиот суд за човековите права во однос на тоа дали на наследниците можат да им се одобрат и исплатат досудени износи на име боледувања подолги од шест месеци и/ или отпремнини поради стекнати услови за старосна или инвалидска пензија кога тие им се утврдени со акт или судска пресуда на домашниот суд на државата членка на ЕУ каква е судската пракса во врска со одобрувањето и исплатата на досудените средства по наведениот основ од Европскиот суд за човекови права доколку има креирано судска пракса во врска со ова прашање.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го разгледа барањето и констатира дека не располага со информации, односно ниту е создавач ниту имател на информации во однос на меѓународни договори, конвенции кои ги има ратификувано Република Северна Македонија од областа на наследувањето поточно во однос на одобрување на средства за исплата на надоместоци кои произлегуваат од работен однос на покојно лице. Од овие причини, барањето доставено во електронска комуникација од [redacted] на 26.05.2020 го препрати исто така во електронска форма до надлежните лице во Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со барање за понатамошно постапување.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го разгледа и барањето на подносителката за наведување на случаи од судска пракса од Европскиот суд за човековите права и констатираше дека Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е создавач и имател на преводите на пресудите на ЕСЧП донесени во случаи против Република Северна Македонија. Истите се јавно достапни на интернет странцата на Биротот за застапување на РСМ пред ЕСЧП. Сепак, досега ЕСЧП не

одлучувал во случај против државата за специфичното прашање кое е во тесниот фокус на подносителката на барањето. Овие пресуди и сите останати пресуди на ЕСЧП, чиј создавач, ниту имател, е Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП се јавно достапни на интернет страницата на ЕСЧП, во базата на пресуди и одлуки на ЕСЧП – HUDOC достапна на https://hudoc.echr.coe.int/eng, каде истите се достапни во ниванта изворна јазична форма (англиски и/или француски јазик) имјќи ги предвид службените јазици на Советот на Европа, чиј орган е ЕСЧП. Во истатата база на пресуди и одлуки – HUDOC, достапни се во превод на македонски јазик пресуди и одлуки на ЕСЧП против други држави, изготвени во превод на македонски јазик од страна на различни, во принцип меѓународни институции. Во истата база на пресуди и одлуки достапна е и пракса на ЕСЧП во превод на официјалните и службените јазици во регионот. Истовремено HUDOC располага со пребарувач, што ја прави судската пракса на ЕСЧП погодна за анализа и истражување од страна на целокупната јавност.

Конечно, Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП, кој ја застапува државата во предметите против неа пред ЕСЧП, имаше предвид дека подносителката не се обрати со барање за конкретна пресуда или одлука на ЕСЧП, туку со барање за анализа на праксата на ЕСЧП, по специфичните критериуми кои произлегуваат од интересот во фокусот на подносителката, како и дека Бирото не располага односно ниту е создавач ниту имател на таква анализа.

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРИЛОГ:**

Копија од достава на барањето до Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

В.Д. Директор на Бирото за застапување

на РСМ пред ЕСЧП – Владин агент

м-р Даница Џонова